РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3183/2
16-10-2020 д/v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот ------------ на 19.09.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 39-тата седницата одржано на 15.10.2020 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена од подносителот ------------ на 19.09.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-4374/1 од 19.09.2019 година, во кој се бара преиспитување на конкретен случај за утврдување на право на сопственост на спорна површина од 26 м2, која е гранична линија помеѓу старите КП 190/8 и КП 190/35 КО Оризари, земјиште кое воедно е гранична линија помеѓу дворните места на двајца соседи (подносителот на пријавата и неговиот сосед), **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во конкретниот предмет од причина што наводите во пријавата во предметниот случај се однесуваат на прашања кои се во надлежност на други надлежни органи (Основен суд Скопје II Скопје и Агенцијата за катастар на недвижности) кои во рамките на своите надлежности постапиле-ја утврдиле фактичката состојба и донеле соодветни одлуки согласно закон.

Предметот број 12-4374/1 од 19.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-4374/1 од 19.09.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител ----------.

Во пријавата се бара преиспитување на конкретен случај поврзан за утврдување на право на сопственост на спорна површина од 26 м2, која е гранична линија помеѓу старите КП 190/8 и КП 190/35 КО Оризари, земјиште кое воедно е гранична линија помеѓу дворните места на двајца соседи (подносителот на пријавата и неговиот сосед). Проблемот настанал со стапување на сила на катастар на недвижности за КО Ѓорче Петров 6 ("Сл. весник на РМ" бр.100/2010) се извршила пренумерација на парцелите така што од КП 190/8 формирана е нова парцела КП 6305/1 и била извршена промена на граничната линија помеѓу КП 6305/1 и КП 6308/2. Подносителот на пријавата поднел барање за произнесување до Агенцијата за катастар на недвижности во однос на конкретниот предмет. Од страна на

Агенцијата по извршениот увид во конкретниот предмет било констатирано дека старата гранична линија не била добро исцртана на стариот катастарски план КО Оризари, односно дека има несповпаѓање на делбената линија на катастарскиот план со состојбата дадена во скиците од претходната постапка според кои биле донесени соодветни правни акти. Од страна на Агенцијата за катастар на недвижности со Известување со број УПП 13-242 од 03.06.2018 година е наведено дека спорна е граничната линија помеѓу старите КП 190/8 и КП 190/35 а во предметот оформен кај нив кога била формирана КП 190/ со површина од 299 м2 нема графички приказ, Агенцијата не може со точност да се произнесе по однос на граничната линија помеѓу КП 190/8 и КП 190/35 КО ---------. Воедно, од страна на Агенцијата е посочено дека со оглед дека е веќе поведена судска постапка по однос на спомената гранична линија да се почека исходот од истата. Во приложената документација подносителот навел дека повел судска постапка против неговиот сосед за утврдување на право на сопственост по основ одржување на спорно недвижно земјиште кое се наоѓа на гранична линија помеѓу КП 6305/1 и КП 6308/2 така што имотот на двајцата соседи, во површина од 26 м2, како дел од КП 190/35 за КО -------, со определени мери и граници.

Од увидот во приложената документација кон пријавата, Државната комисија констатира дека подносителот на пријавата во насока на докажување на правото на сопственост на спорниот дел повел судска постапка пред надлежен суд. Од страна на Основен суд Скопје II Скопје во текот на судската постапка се преземени соодветни процесни дејствија, изведени докази, обезбеден бил наод и мислење од вешто лице-геодет во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот предмет и донел соодветна одлука.

По разгледување на наводите содржани во пријавата и целокупната доставена документација во прилог на пријавата, врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите во пријавата во предметниот случај се однесуваат на прашања кои се во надлежност на други надлежни органи (Основен суд Скопје II Скопје и Агенцијата за катастар на недвижности) кои во рамките на своите надлежности постапиле-ја утврдиле фактичката состојба и донеле соодветни одлуки согласно закон, поради што ДКСК заклучи дека елементи за нејзино надлежно постапување и предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: С.П.Д.,заменик претседател и член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**